# Карцином на бели дробови – Статистичка анализа на податоци на ниво на Р. Македонија и општина Струмица во период 2013-2017

Фиданка Камчева[1], Матеја Лазаревска[1], Јихе Зху[1], Благица Арсовска[1,2], Кристина Козовска[1,3]

1 Факултет за Медицински Науки, Универзитет „Гоце Делчев"- Штип, Р. Македонија;

2 Институт по биологија, Природно-математички факултет – Скопје, Р. Македонија

3 Медицински факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Р. Македонија

## Вовед

Карциномот на белите дробови се вбројува во најчестите и најсмртоносните малигноми насекаде во светот.

Глобалниот пораст на ициденцата на карциномот на белите дробови заедно со фактот дека вкупното петогодишно преживување на пациентите со оваа болест е помало од 15%, ја нагласува големината на епидемијата на карциномот на белите дробови.

Карциномот на бели дробови се класифицира во две општи класи: неситноклточен (non-small cell) и ситноклеточен (small cell) белодробен карцином.





## Материјали и методи

Од методите на работа користено е :

1.Податоци од Центарот за Јавно Здравје Струмица во период од 2013-2017 година.

2. Податоци од Институтот за Јавно Здравје на Република Македонија во период од 2013-2016 година.

| Година | Вкупен број на заболени во Струмица |
|---|---|
| 2013 | 53 |
| 2014 | 57 |
| 2015 | 67 |
| 2016 | 44 |



| Година | Пол (Струмица) | |
|---|---|---|
| | Машки | Женски |
| 2013 | 41 | 12 |
| 2014 | 47 | 10 |
| 2015 | 54 | 13 |
| 2016 | 38 | 6 |
| 2017 | 33 | 11 |

Според истражување извршено на Клиниката за торакална хирургија во Скопје се дошло до заклучок дека најголем проблем за карциномот на белите дробови е тоа што се открива доцна, што и лекувањето го прави потешко.

На Клиниката за торакална хирургија се оперират само 10-15% од дијагностицираните со карцином на белите дробови, за разлика од западниот свет каде што во моментот на откривање околу 50 отсто од случаите се операбилни.



Изглед на бели дробови кај активен пушач со една кутија дневно



Изглед на бели дробови кај пушач по 90 дена од прекинување со пушење



## Резултати и дискусија

Во Струмица во период од пет години се дијагностицирани вкупно 265 лица со карцином на белите дробови.

Застапеноста на карциномот на белите дробови во текот на петте години е поголема кај машкиот пол и изнесува вкупно 213 заболени.

Најмногу дијагностицирани со карцином на белите дробови има на возраст од 53-59 години и од 60-66 години.

Највисока стапка на морталитет од карцином на белите дробови има во 2016 година, односно 43,7%, во 2014 година 42,5%, во 2013 - 40%, и најмала стапка на морталитет има во во 2015 година - 40,6%.

| Возраст (години) | Број на дијагностицирани мажи во Струмица |
|---|---|
| 24-30 | 2 |
| 31-37 | 1 |
| 38-44 | 4 |
| 45-51 | 5 |
| 52-58 | 49 |
| 59-65 | 61 |
| 66-72 | 53 |
| 73-79 | 21 |
| 80-86 | 11 |

| Возраст (години) | Број на дијагностицирани жени во Струмица |
|---|---|
| 25-31 | 1 |
| 32-38 | 1 |
| 39-45 | 1 |
| 46-52 | 5 |
| 53-59 | 13 |
| 60-66 | 13 |
| 67-73 | 11 |
| 74-80 | 3 |
| 81-82 | 4 |




## Заклучок

Инциденцата на карцином на белите дробови во Република Македонија е релативно голема, и тоа со почеста застапеност кај лицата од машкиот пол. Исто така голем проблем во нашата земја преставува доцната дијагностика на карциномот и отежнетото лекување. Според тоа неопходно е да се препознае тежината на болеста и соодветно да се третира.